ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - 12631/2*
*21.10.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXXVI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на на 07.09.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна),*
- *Соња Златановска, републички контролор инспектор во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Елена Тулевска, референт во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателката Елена Трпковска. Го претстави новиот член на Управниот одбор Д-р Ирфан Хоџа, кој како претставник од Министерството за здравство ќе биде и заменик на претседателот. Откако утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот;*
3. *Предлог за намалување на квоти на аптеки по основ на намален кадар;*
4. *Предлог нови квоти на аптеки;*
5. *Предлог за изменување на Одлуката за скалест систем на услуга кон ПЗУ аптеките;*
6. *Разно.*

*Потоа наведе дека од Фондот е предложено дневниот ред да се дополни и со разгледување на следните точки:*

- *Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на*

*болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
- *Предлог за изменување и дополнување на буџетите на ЈЗУ Универзитетски клиники по одлука на Владата на Република Македонија;*
- *Предлог за изменување на буџетите на Општа болница Струга и Општа болница Охрид;*
- *Предлог буџети по понуди од приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко стоматолошка здравствена заштита - концесионери од Воена болница;*
- *Донесување на заклучок за продолжување на роковите за здравствените установи кои дејноста ја извршуваат во поликлиниката Јане Сандански од Скопје*

*Праша и дали членовите на Управниот одбор имаат и други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Ирфан Хоџа побара да се разгледа и барањето од Министерството за здравство до Управниот одбор на Фондот во врска со дејноста медицина на трудот.*

*Управниот одбор ги прифати овие предлози, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот;*
3. *Предлог за намалување на квоти на аптеки по основ на намален кадар;*
4. *Предлог нови квоти на аптеки;*
5. *Предлог за изменување на Одлуката за скалест систем на услуга кон ПЗУ аптеките;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на*

*болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*

8. *Предлог за изменување и дополнување на буџетите на ЈЗУ Универзитетски клиники по одлука на Владата на Република Македонија;*
9. *Предлог за изменување на буџетите на Општа болница Струга и Општа болница Охрид;*
10. *Предлог буџети по понуди од приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко стоматолошка здравствена заштита - концесионери од Воена болница;*
11. *Донесување на заклучок за продолжување на роковите за здравствените установи кои дејноста ја извршуваат во поликлиниката Јане Сандански од Скопје;*
12. *Барање од Министерството за здравство до Управниот одбор на Фондот во врска со дејноста медицина на трудот;*
13. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови*

*Директорот Јелникар објасни дека предложената измена на правилникот е изготвена заради надминување на проблемите што се појавија во неговата примена. По лоцираните проблеми за нив е разговарано и со Фармацевтската комора на Македонија, па врз основа на сето тоа е изготвен предложениот текст.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лекови***

*ТОЧКА 2 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот*

*Во врска со овој правилник директорот Јелникар наведе дека е изготвен за да се овозможи намалување на квотите на аптеките како би можело да се*

*склучуваат договори со новите аптеки што бараат договор со Фондот. И порано зборувавме за тоа дека Фондот нема можност да ги одбива новите аптеки кои добиваат дозвола за работа од Министерството за здравство. Во такви услови треба да има можност за коригирање на квотите ако за тоа се укаже потреба. Додаде и дека според податоците од месец јули, искористеноста на квотите е 82% па според тоа во моментов нема потреба од зголемување на средствата за таа намена.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали овој предлог е усогласен со Фармацевтската комора а директорот Јелникар одговори потврдно.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот***

*ТОЧКА 3 - Предлог за намалување на квоти на аптеки по основ на намален кадар*

*По објаснувањето на директорот Јелникар дека се работи за усогласување на висината на квотите поради намалениот кадар, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се намалија квотите на две аптеки.*

*ТОЧКА 4 - Предлог нови квоти на аптеки*

*Во врска со оваа точка, директорот Јелникар наведе дека во материјалите се дадени две пресметки на новите квоти на аптеките. Првата се однесува на аптеките кои имаат поднесено барања за склучување на договор а кај втората се вклучени и квоти за аптеките со кои Фондот има спорови.*

*Борис Јосифовски праша во која фаза се споровите а Лазар трајчев објасни дека се работи за спорови со Градски аптеки за побарувања настанати пред нивната приватизација. Постапките се во тек а Фондот има индиции дека објекти на тужените за кои има привремена мерка забрана на отуѓување се отуѓуваат. Ова оттаму што други правни лица, кон барањето за склучување на договор ги наведуваат спорните објекти како простории во кои ќе се врши дејноста. Се работи за сложена правна ситуација и ние за тоа сакаме да го известиме Управниот одбор.*

*Елена Трпковска и Ирфан Хоџа наведоа дека ако Фондот има спор со Градски аптеки не треба заради тоа да не се склучува договор со новите субјекти, туку да се држи до објективните критериуми. За ниеден објект на здравствена установа немаме увид во сопственичките односи па и во овој случај за нив не треба да се интересираме.*

*Борис Јосифовски пак истакна дека најважно е да се утврди дали аптеката која бара договор може поради спорот кој се води да му причини штета на Фондот. Сметам дека не може.*

*Горан Коевски пак наведе дека ако субјектот кој бара договор ги исполнува формално - правните услови, Фондот не би требало да одбие склучување на договор. Управниот одбор треба да завземе начелен став да не се одлага потпишувањето на договорите заради спорови со Фондот. Со тоа службите на Фондот ќе имаат овластување да работат.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа дека треба само согласно правилникот да се утврдат квотите на аптеките.*

*Со тоа расправата по оваа точка на дневниот ред заврши, а Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се утврди месечен износ на средства и за 21 нова аптека што доставила барање за склучување на договор и за 10 аптеки што користат простории за кои е утврдена привремена мерка забрана за отуѓување.*

*Измените на квотите на аптеките од точка 3 на дневниот ред се вклопија во текстот на оваа одлука.*

*ТОЧКА 5 - Предлог за изменување на Одлуката за скалест систем на услуга кон ПЗУ аптеките*

*Директорот Јелникар објасни дека во моментов одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт не предвидува лекови со цена над 23.000 денари. Со новите референтни цени за нови регистрирани пакувања на готови лекови се појавуваат и лекови со референтни цени по пакување тој износ. Затоа е потребно одлуката да се измени како би биле опфатени и тие лекови.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт***

*ТОЧКА 6 - Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Дискутирајќи по текстот изготвен од стручните служби на Фондот, членовите на Управниот одбор се согласија дека предложените измени се во насока на усогласување на текстот на Статутот на Фондот со осигурување со одлуките на Уставниот суд со кои е укината одредбата што предвидуваше одлуките на Управниот одбор да се сметаат за донесени само ако за нив позитивно гласале и претставниците од Министерството за здравство и Министерството за финансии, и одредбата која овозможуваше за директор на Фондот да биде именувано лице кое не е македонски државјанин. Во согласност со овие констатации, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се изврши усогласување на Статутот со одредбите на Законот за здравственото осигурување.*

*ТОЧКА 7 - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена*

*спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата*

*Јасмина Смилевска објасни дека често Фондот казнува лекари ако издаваат боледувања ретроактивно па макар и за еден ден. Се покажува нужно да се дозволи издавањето ретроактивно до еден ден зашто има оправдани ситуации кога пациентот не можел да се јави веднаш кај избраниот лекар.*

*Страшо Наумоски наведе дека за мнозинството случаи можноста за издавање на боледување еден ден наназад е доволна. Меѓутоа се случува повредени лица да бидат хоспитализирани а да немаат блиски кои би можеле да го посетат избраниот лекар, да се јават многу подоцна. Има и други ситуации кога пациентот не е во состојба бргу да реагира, па поради неможноста за ретроактивно издавање на боледување губи права што му следуваат, а се случува и да му престане работниот однос. Можеби треба за таквите ситуации да се овозможи ретроактивно издавање на боледување по протек и на повеќе денови. Се разбира условите и ситуациите треба да бидат јасно дефинирани.*

*Јасмина Смилевска наведе дека продолжувањето повеќе од еден ден би можело да отвори простор за разновидни манипулации а за оправданите случаи како наведениот пример со хоспитализиран пациент кој не можел да се јави кај избраниот лекар, би требало да се уважуваат поднесените докази за неможноста.*

*По ова, претседателката на Управниот одбор побара членовите да се гласаат дали се донесување на правилникот со текстот на правилникот изготвен од стручните служби на Фондот.*

*Елена Трпковска, Ирфан Хоџа, Горан Коевски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски гласаа за предлогот а Страшо Наумоски гласаше против. На тој начин Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата***

*со кој се овозможи избраниот лекар да утврдува привремена спреченост за работа ретроактивно и во случај кога осигуреното лице направи посета кај*

*избраниот лекар наредниот работен ден од денот на настанувањето на спреченоста за работа.*

**ТОЧКА 8** - *Предлог за изменување и дополнување на буџетите на ЈЗУ Универзитетски клиники по одлука на Владата на Република Македонија*

*Директорот Јелникар објасни дека со одлука на Владата на Република Македонија е основана јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје. Со нејзиното основање престануваат да постојат односно се спојуваат ЈЗУ Ургентен центар Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје. Заради тоа, преостанатиот годишен буџет на установите кои престануваат да постојат треба да се пренесе на новонастанатата установа.*

*Јасмина Смилевска додаде дека на досегашните здравствени установи им е исплатен надоместокот заклучно со август, а исплатата на новоформираната установа би започнала од 1 септември.*

*Потоа Татјана Лукановска објасни дека е потребно и да се пренесат средства од Општата болница Охрид на Општата болница Струга од причина што во охридската болница во тек е реновирање на одделенијата за хирургија и гинекологија и болничкиот дел на овие две одделенија ќе се извршува од страна на лекарите на ОБ Охрид во просториите на Општата болница Струга.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија објаснувањето, по што Управниот одбор заради реализација на предложените измени на буџетските плафони на ЈЗУ Ургентен центар Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје, Општа болница Струга и Општа болница Охрид, едногласно донесе*

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи**
**за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година**

**ТОЧКА 9** - *Предлог за изменување на буџетите на Општа болница Струга и Општа болница Охрид*

*Овој предлог Управниот одбор го разгледа во рамките на точката 8 на дневниот ред кога донесе одлука со која се извршија измени на буџетите на Општата болница Струга и Општата болница Охрид.*

**ТОЧКА 10** - *Предлог буџети по понуди од приватните здравствени установи кои вршат специјалистичко стоматолошка здравствена заштита - концесионери од Воена болница*

*Јасмина Смилевска објасни дека Министерството за здравство со допис има дадено согласност на Програмата на ЈЗУ Здравствен дом Скопје со која се спроведува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита. Со овој закон е предложено издавање под закуп на простор и опрема, лоцирани во објектот во Воената болница во Скопје. Според Законот деловите од објектите и опремата на постојните јавни здравствени установи во кои се врши стоматолошка здравствена заштита се трансформираат односно се приватизираат по пат на издавање под закуп на простор и опрема, под услов закупецот да основа приватна здравствена установа за вршење на соодветна дејност. При издавање под закуп приоритет имаат здравствените работници кои се распоредени на работни места во соодветната организациона единица, при што закупецот е должен да ги преземе здравствените работници кои пред денот на влегувањето во сила на законот биле распоредени на работно место во организационата единица што се зема под закуп. Врз основа на спроведениот конкурс јавната здравствена установа донесува решение за издавање под закуп. Министерот за здравство со решение утврдува дека се исполнети условите за основање на соодветна приватна здравствена установа и донесува решение за дозвола за работа, при што закупецот е должен во рокот определен со договорот за закуп да оснива приватна здравствена установа. Закупците за својата работа остваруваат средства врз основа на договорот со Фондот.*

*Во Фондот за здравствено осигурување поднесени се понуди за склучување на договор од приватни здравствени установи од дејноста специјалистичка стоматологија, досега вработени во Воената болница Скопје. Со Одлука на Владата на РМ извршено е преотстапување на просторот, опремата и кадарот на ординациите по специјалистичка стоматологија од Воената болница на Здравствениот дом Скпоје. Работниот однос во Здравствениот дом е престанат со 12.07.2010, во решението од Министерството за здравство дозвола за работа е издадена на 13.07.2010 година кога и се пријавени во новата приватна здравствена установа со М-1 образец. Решението е издадено на 03.08.2010 година, а подигнато од овластените лица од здравствените установи на 24.08.2010 година.*

*Татјана Лукановска наведе дека Фондот разгледувал можности за склучување договори и утврдување на надоместоци од 15 септември и од 1 октомври. Сметавме дека е подобро од 1 октомври заедно со сите специјалисти но будејќи станува збор на одлука на Влада и посебен статус на концесионерите по препорака на правниците договорот треба да се склучи веднаш.*

*Ирфан Хоџа укажа дека идентична ситуација има и во Тетово, со стоматолози специјалисти кои работеле во Здравствениот дом. Побара и за овие стоматолози да се поведе сметка и да се утврди надоместок.*

*Елена Трпковска праша од каде ќе се обезбедат средства за овие нови здравсвени установи зашто не е дадена финансиска поткрепа на одлуката.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека и за ова прашање важи дека се додека чекаме да се донесе здравствена мапа за потребите од сите видови на здравствени установи и услуги, ќе бидеме соочени со ситуации да се прашуваме од каде да пронајдеме средства зашто мора да склучиме договор со сите кои ги исполнуваат условите.*

*Татјана Лукановска одговори дека се до донесувањето на мапа принудени сме да ги димензионираме надоместоците помали. Бидејќи кај некои установи имаме намалување на бројот на тимови, од нив ослободените средства можеме да ги насочиме за установите што настанаа од Воената болница и Здравствениот домТетово.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
**за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година**

*со која се утврди висината на надоместокот за четири установи што настанаа од Воената болница и Здравствениот домТетово.*

*ТОЧКА 11 - Донесување на заклучок за продолжување на роковите за здравствените установи кои дејноста ја извршуваат во поликлиниката Јане Сандански од Скопје*

*Јасмина Смилевска објасни дека со поплавата што се случи во поликлиниката Јане Сандански во Скопје беа оштетени повеќе здравствени установи што работат во просториите на поликлиниката. Поплавата им оневозможи нормално да ја вршат дејноста поради што бараат економски надомест. Јасно е дека надомест од Фондот не може да им биде даден, а единствен начин да им се помогне во настанатата ситуација е да се продолжат роковите со кои се обврзани во договорите склучени со Фондот. Бидејќи роковите се утврдени во подзаконските акти и договорите кои ги донесува Управниот одбор, Управниот одбор единствен може да одлучи за превземање на таква мерка.*

*Управниот одбор по објаснувањето едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Заради настанатата поплава во поликлиниката Јане Сандански во Скопје, на здравствените установи кои дејноста ја вршат во поликлиниката им се одобрува продолжување на роковите со кои се обврзани во договорите со Фондот.*

***ТОЧКА 12*** *- Барање од Министерството за здравство до Управниот одбор на Фондот во врска со дејноста медицина на трудот.*

*Ирфан Хоџа објасни дека со трансформацијата на примарната здравствена заштита најголемиот број на доктори специјалисти по медицина на трудот вршат дејност на избрани лекари како концесионери, дејноста медицина на трудот како во јавниот така и во приватниот сектор претрпе осипување од околу 60%. Поради тоа во некои региони на земјата се јави целосен недостиг на доктори по медицина на трудот а со тоа е оневозможено и спроведувањето на Законот за безбедност и здравје при работа кој налага периодично да се вршат контролни прегледи на вработените. Како правна пречка докторите по медицина на трудот кои работат како избрани лекари и имаат склучен договор со Фондот да вршат превентивни прегледи се јавува договорот со Фондот. Имено, договорот со Фондот им ја ограничува можноста за давање на други здравствени услуги освен услугите од основниот пакет од примарната здравствена заштита. Ова ограничување не произлегува од Законот за здравственото осигурување и Законот за здравствената заштита, па затоа Министерството бара пречката да се отстрани со акт на Фондот а известувањето од 13.01.2010 доставено до сите специјалисти по медицина на трудот кои имаат договор со Фондот да се отповика.*

*Страшо Наумоски наведе дека заради непокриеноста на некои региони со специјалисти по медицина на трудот имало предлози во таквите региони и матичните лекари специјалисти по медицина на трудот да можат да вршат периодични систематски прегледи. Исто така и матичниот лекар да може да се определи дали ќе работи како матичен лекар или ќе го прифати овластувањето*

*од министерот за здравство да прави систематски прегледи. Би можело и Министерстовото да одлучи кои специјалисти по медицина на трудот треба да добијат овластување и тоа да се усогласи со Фондот.*

*Ирфан Хоџа укажа дека Министерството во моментов бара да се отповика известувањето од 13.01.2010 а Јасмина Смилевска укажа дека не е само известувањето во прашање зашто во важност е договорот со чии одредби се обврзуваат матичните лекари да го работат исклучиво тоа. Сметаме дека матичниот лекар треба исклучиво да се посвети на пациентите кои го избрале и нема време за друга дејност.*

*По ова, Управниот одбор одлучи разгледувањето на барањето од Министерството за здравство да се одложи за следната седница за кога да се изготви мислење од стручните служби на Фондот.*

***ТОЧКА 13** - Разно*

*Бидејќи под точката разно немаше предлози за разгледување, по разгледувањето на барање од Министерството за здравство дневниот ред беше исцрпен и во 15.00 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXXVI -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***